ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 04-4961/2
12.11.2024 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

www.uip.gov.mk
ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА
Жиро сметки:
300000001198471 – Комерцијална банка АД Скопје
210045289640156 – Тутунска Банка АД Скопје
270045289640163 – Халкбанка АД Скопје
Даночен број : МК 4030992242532
Адреса:
ул. Коле Неделковски бр. 38
Телефон:
+389 2 3162 317
Е - маил:
info@uip.gov.mk

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавни претпријатија, член 3 став 1 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекција за вработување и унапредување, како и начинот на бодирање на даватели на јавни услуги на ЈП Улици и патишта - Скопје бр. 04-510/1 од 14.02.2022 година и член 31 став 1 точка 15 од Статутот на ЈП Улици и патишта - Скопје, а согласно Годишниот план за вработување во 2023 година, на ЈП Улици и патишта - Скопје бр. 04-4256/2 од 15.01.2024 година и Одлука за утврдување на потреба од работници за засновување на работен однос на неопределено време бр.04-4961/1 од 12.11.2024 година, ЈП Улици и патишта -Скопје, објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС БР.02/2024**

За вработување на даватели на јавна услуга
во областа комунални дејности и на други дејности, заради кои се основани јавните претпријатија од група III подгрупа 5, на неопределено време во ЈП Улици и патишта-Скопје, за следните работни места

1. **КДР0305Б03028 Оперативен техничар за вертикална сигнализација на патишта**..........................................................1 (еден) извршител во Одделение за хоризонтална и вертикална сигнализација и сообраќајна опрема, Сектор сообраќај;

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- Најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование; Средно стручно образование (машинска, сообраќајна, градежна).
- Најмалку една година работно искуство во струката.

**Потребни работни компетенции:**

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;

**Други посебни услови:**

- /

Основна нето плата:

- 33.210,30

**Распоред на работно време:**

- Работни денови: понеделник-петок;
- Работни часови: неделно 40 часа;
- Работно време: од 07:00 до 15:00 часот;

**Рок на пријава:**

Рокот за пријавување на јавниот оглас изнесува 15 дена, од денот на неговото објавување во дневните весници.

Пријавата за вработување се пополнува на образец, изготвен од страна на јавното претпријатие која може да се подигне од Архивата на ЈП Улици и патишта - Скопје или може да се превземе од веб страната на претпријатието www.uip.gov.mk

Пополнетите пријави се доставуваат во архивата на ЈП Улици и патишта - Скопје на адреса: ул. Коле Неделковски бр. 38 Скопје Центар.

**Со пријавите по огласот кандидатите треба да достават:**

1. Уверение или решение за државјанство (фотокопија);
2. Уверение за општа здравствена способност (лекарско уверение);
3. Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност;
4. Доказ за завршено соодветно четиригодишно средно образование (фотокопија заверена на нотар);
5. Доказ за работно искуство;

Постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги во претпријатието се состои од две фази и тоа:

**Фаза – 1:** Административна селекција која опфаќа проверка на внесените податоци во пријавите со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази со пријавата.

**Фаза – 2:** Интервју.

Изборот на кандидати ќе се изврши во рок од 5 (пет) дена, по завршување на постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги.

Ненавремена, некомлетна и неуредна документација, нема да биде предмет на разгледување.

ЈП „Улици и патишта“ - Скопје
в.д Директор
**Ванчо Умленски**